| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **ПРАВО НА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА** | | | |
| **2.** | **Код** | | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | Постдипломски курс Деловно право – модул Б | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) |
| **8.** | **Наставник** | **Проф.Д-р.Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Доц.Д-р. Лазар Јовевски** (предметен наставник)<br>**Доц.Д-р.Александар Ристовски** (предметен наставник) | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Право на заштита на здравје и безбедност при работа на студентите ќе им овозможи:<br>-да се здобијат со суштинско знаење за заштитата на здравјето и безбедноста при работа и регулирањето на истата;<br>-да се запознаат со европската парагима и нормативните аспекти на заштита на здравјето и безбедноста при работа;<br>- да се запознаат со поврзаноста на работниот однос со аспектите на заштита и безбедност при работа како основно право од работниот однос;<br>-да се препознае поврзаноста на заштитата на здравјето и безбеднопста при работа со концептот на заштита на личноста на работникот и изградба на социјална праведност преку трудот;<br>-да се запознае поврзаноста на професионалните болести и несреќите при работа со концептот на заштита на здравје и безбедност, нивната условеност и поврзаност;<br>-да се даде приказ на поврзаноста на системот на социјално осигурување и социјална заштита со системот на заштита на здравје и безбедност при работа, како во превентивна, така и во аспект на санација на последиците;<br>-да се разбере македонскиот национален систем на заштита и безбедност при работа кој е поливалентен, како во содржинска, така и во нормативна смисла;<br>- да се проучат правните феномени поврзани со заштитата на здравјето и безбедноста при работа кој се од правна и не правна природа, како што е заштитата на посебните | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | категории вработени, еколошките аспекти на заштитата на здравјето и безбедноста при работа, како и техничко-технолошките аспекти содржани во системот. | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Правото на заштита на здравје и безбедност при работа претставува трудово-правна дисциплина која ги проучува аспектите на здравје и безбедност при работа, односно заштита при работа. Заштитата на здравјето и безбедноста при работа се проучува низ аспектите на трудот и феномените кои што се јавуваат како трудово-правни во рамките на самиот концепт и систем на заштита при работа.<br>Особено внимание и значење во последните децении на прашањата на заштита на здравјето и безбедноста при работа се посветува пред се од Европската Унија, но и од Меѓународната организација на трудот, што резултира со голем број на акти донесени од нивна страна. Во рамките на Унијата заштитата при работа е централно трудово прашање за која цел се донесени и повеќе од 50 регулативи и директиви. Тоа несомнено говори за општо прифатениот консензус по прашањата на заштита на здравјето и безбедноста при работа кој се составен дел од европското aquis communitare.<br>Денес не може да се замисли модерниот работен однос без инкорпорирање на системите на заштита на здравје и безбедност при работа. Токму затоа заштитата при работа е поливалентна трудово правна област која допира до бројни прашања.<br>Составен дел на заштитата на здравјето и безбедноста при работа е прашањето на општата и посебната заштита. Заштитата ratione materia и ratione personae. Понатаму, меѓународната рамка и посебно европската нормативна рамка за заштитата и безбедноста при работа. Аспектите на организација на системот на заштита при работа преку препознаените актери во кои се вбројуваат работодавачите, синдикатите и работникот, но и државата и државните органи, како и субнационалните институции како што е Агенцијата за заштита на здравје и безбедност при работа со седиште во Билбао (Шпанија).<br>Оваа научна дисциплина ги проучува и еколошките аспекти на заштитата и безбедноста при работа, како и поврзаноста со медицината на трудот. Основна парадигма при развивањето на научната дисциплина е развивањето на превентивните аспекти на заштитата. Со оглед на тоа неминовно во наставната програма влегуваат и одреден број на прашања околу социјалното осигурување и заштита кое се јавува во случај на настанување на повреда при работа и професионална болест.<br>Предметната програма е поделана во три дела и тоа:<br>Најнапред се разгледуваат општи прашања околу поимот на содржината на заштитата на здравјето и безбедноста при работа.<br>Во вториот дел се разгледува меѓународната нормативна рамка.<br>Во третиот дел се проучуваат националните законски решенија согласно Законот за работни односи и Законот за здравје и безбедност, но и останати прописи од оваа област, како што се и прописите од здравственото осигурување и инвалидско осигурување. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>Финалната оцена не може да надмине 100 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**.<br>- Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>17.3</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>- Студентите имаат можност да остваруваат најмногу 10 поени од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td rowspan="6" colspan="2">Критериуми за оценување (бодови / оценка)</td><td>до 51 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61 до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="2">Согласно интерните акти на факултетот</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонскијазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Евалуација и самоевалуација</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="4">Литература</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>22.1</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td></td><td>Р. бр.</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td></td><td>1.</td><td>Старова Гзиме</td><td>Трудово право</td><td>Просветно дело</td><td>Скопје, 2009</td></tr>
<tr><td></td><td>2.</td><td>Старова Гзиме, Каламатиев Тодор,</td><td>Работни односи - законодавство, коментар</td><td>Правен факултет Јустинијан Први</td><td>Скопје, 2003</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **3.** | Јовевски Лазар | Системна заштита на здравје и безбедност при работа | | Скопје, 2016 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Szubert Waclaw, | International encyclopedia of comparative law, Vol. XV, Labour Law Chapter 7, „Safety and Health at Work" | | 1981 |
| | | **2.** | | | | |
| | | **3.** | | | | |